РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-259/3
07-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100 - та седница одржана на ден 06.02.2024 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-3273/1 од 05.07.2023 година, оформен по доставена пријава против службеното лице ----, вработена во ----- Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира состојба на судир на интереси и за сторенета повреда издаде прекршочен платен налог, па откако не беше прифатена постапката за порамнување, поведена е постапка пред прекршочен орган и истата не е правосилно завршена.

За сторената повреда ќе биде доставена Иницијатива за утврдување на одговорност на службеното лице до ------- на Република Северна Македонија, како орган во кој службеното лице врши јавни овластувања.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 05.07.2023 година до ДКСК доставена е пријава од познат подносител во врска со постапка за вработување на административни службеници, од кои еден е брат на Раководителот на одделение за ------ за -------, која учествувала во постапката за негово вработување. По пријавата во ДКСК оформен е предмет бр.09-3273 од 05.07.2023 година во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање.

Заради проверка на наводите изнесени во пријавата и утврдување на фактичката состојба, обезбедена е потребна документација врз основа на која се констатира дека ------- на Република Северна Македонија има објавено Јавен оглас број --/20-- за вработување административни службеници и тоа: помлад соработник за ----Сектор за правни, општи и заеднички работи во ------ на Република Северна Македонија за подрачје ---- (1 извршител), помлад соработник за ----Одделение за ---- Сектор за правни, општи и заеднички работи во ------ на Република Северна Македонија за подрачје ---- (1 извршител), Виш референт- архивар во Одделение за општи и заеднички работи, Сектор за правни, општи и заеднички работи во ------ на Република Северна Македонија за подрачје ---- (1 извршител).

Со Решение бр.10---/10---/1 од -- година на заменик на директорот на ---, ---- е член на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас .

По објавениот Јавен оглас број --/20-- за работното место УПР0101 В04000, помлад соработник за ---- Одделение за ---- Сектор за правни, општи и заеднички

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

работи во ---- на Република Северна Македонија за подрачје --- 1 извршител, се јавил ----- и по спроведената постапка, ----- на Република Северна Македонија има донесено Одлука за избор на кандидат по јавен оглас бр.----/9 од --- година и решение за вработување и распоредување на неопределено време на државниот службеник ---.

------ до ДКСК достави Изјава број УЗП 26262/2023 од 30.08.2023 година, од која се потврди дека кандидатот ----- е нејзин брат.

Од обезбедената документација се констатира дека ----- е вработена во ---- на РСМ на работно место Раководител на одделение ---, Сектор за ------.

Видно од Записник бр.10-129/2 од 21.01.20-- година за извршена административна селекција и записник бр.10----/3 од 18.02.20--- за спроведен испит, за работното место под точка 2. биле пријавени 2 кандидати.

На ден 25.02.20-- година Комисијата извршила проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите, за што составен е Записник бр.10----/4.

На сите горенаведени записници уредно е потпишана ---, иако од увидот во содржината на доказите, како и од спроведеното интервју, морала да знае дека има околности кои укажуваат на состојба на судир на интереси, односно дека еден од кандидатите е ---, нејзин брат и е опфатено под поимот ,,блиски лица,, согласно член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."

Имајќи предвид дека посочениот кандидат е брат на член на Комисијата, се констатира дека службеното лице ----- била должна да се изземе.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
член 72 став (2) од ,,*Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.*,,
член 75 став (1) ,,*Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување*,,.

Именуваната не се иземала и не запрела со своето постапување, па учествувала и се потпишала на Предлогот за вработување од 25.02.20-- година со Конечна ранг листа од сите фази на селекција, како и ја изготвила Одлуката за избор на кандидат по јавен оглас бр.04.---/9 од 01.03.20-- година за ---.

Со тоа што не побарала да биде изземена, ДКСК констатира дека е сторена повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон, за што беше издаден прекршочен платен налог, по кој не беше постапено. Постапката продолжи со поведување на прекршочна постапка пред надлежната прекршочна комисија, која по утврдување на фактичката состојба донесе решение со кое потврди дека е сторен прекршок. Оваа постапка се уште не е правосилно завршена.

Исто така, се констатира дека со Решение бр.04--/2 од 23.05.20-- година административниот службеник --- од работното место на кое е примен, се распоредува на работното место помлад соработник за ----, во Одделение за ----- во Сектор ---- во --- на Република Северна Македонија за подрачје Скопје.

Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека во врска со постапувањето на ---- е констатирано дека се нашла во состојба на судир на интереси, ДКСК согласно член 17 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе достави Иницијатива за утврдување на одговорност до ------ како надлежен орган.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради што на 100 - та седница одлучи да се запре постапката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk